Marjan Nikolov
CEA

Буџетот на Република Македонија за 2007 година е креиран врз основа на проекциите на макроекономските параметри договорени со Меѓународниот монетарен фонд. Според предвидувањеата, растот на Бруто-домашниот производ за 2007 година ќе изнесува 6%, инфлацијата 3%, порастот на вработеноста 4% и номиналниот пораст на платите од 3,5%.

Ваквите макроекономски проекции придонесуваат за релативно повисок пораст на буџетските приходи во однос на изминатиот период и покрај многубројните најавени фискални реформи од страна на владата (рамен данок, намалување на ДДВ за земјоделците, 0% данок за реинвестирана добивка). Така само од порастот на БДП и инфлацијата, пресметката укажува на номинален пораст на приходите од 9%.

Истовремено, на расходната страна се забележуваат позитивни промени пришто, обезбеден е буџет за голем број проекти и структурни реформи кои Владата планира да ги оствари во наредниот период. Особено позитивен е нискиот пораст на средствата (од околу 3.5%) кои се издвојуваат за плати и социјални расходи, со што конечно неповолната структура на буџетот во 2007 година би требало да започне да се подобрува. Планираниот низок пораст на капиталните расходи го отсликува капацитетот на јавната администрација за исполнување на планираните капитални инвестиции.

За разлика од минатите години, кога буџетот забележува ниски суфицити, планираниот буџетски дефицит за 2007 година изнесува -1% од БДП. Ваквиот дифицит ќе значи поттикнување на македонската економија за подинамичен раст со истовремено умерено задолжување. Сепак, проблемот на неисполнување на капиталните расходи е голем ризик за македонската економија. Планираните дефицити и во изминатиот период изнесуваа помеѓу -0.5% – 0.7% од БДП, но владата не успеваше да ги исполни и покрај континуираната реформска агенда, пришто особено беше потфрлувано кај капиталните расходи. Зајакнување на капацитетот за исполнување на капитланите инвестиции е проблем на кој интензивно треба да се работи.

Со текот на времето потребно е да се промени структурата на буџетот во насака на намалување на непродуктивните расходи (плати и придонеси) и пораст на капиталните расходи. Ваквиот процес ќе биде долг, но најбитно е да се започне.